ЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
Бр 05-334/2
16.10.2026
КОЧАНИ

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА 2027-ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

Епидемиолошката дејност при Центарот за јавно здравје-Кочани со подрачните единици во Виница, Берово, Делчево и Пехчево се спроведува врз основа на Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област,како и Програми што ги донесува Владата на Р.Македонија.Со оваа Програма за 2027 година ќе се извршуваат следите задачи:

1.СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

1.1Собирање, обработка и анализа на пријавите за заразни заболувањаи пријави за изолиран/докажан микробиолошки причинител на заразна болест и активности по НПЈЗ

- Секојдневно прибирање, обработување и анализирање на пријави за заразни заболувања. Во текот на годината ќе бидат обработени околу 1200пријави;
- Седмично прибирање,обработка и анализирање на неделни извештаи по АЛЕРТ систем. Од **47 амбуланти** колку ги има во регионКочани (22 амбуланти во Кочани, 11 Виница, 15 Делчево, 3 Пехчево и 7 во Берово) од кои годишно се прибираат **2 444** извештаи. Годишно се прават **260** извештаи **за петте подрегиони**: Кочани, Виница, Берово, Пехчево и Делчево и **52** извештаи за **регион Кочани**;**Вкупно-2.756ALERTизвештаи.**
- Изготвување на 60 месечни билтени, 10 шестмесечни, и 5 годишни билтени;
- При појава на поголем број на заболувања или епидемија ќе изготвиме оперативен план со противепидемски мерки и активности пропишани со Закон,ќе се изготват повеќе **информации (просечно 20)** за истите;
- Ќе изготвиме 5 годишни табеларни извештаи за заразните заболувања по пол и возраст на заболените и 5 извештаи по месец на заболување, кои ќе ги доставиме до ИЈЗ – Скопје до 31.01.2028 година;
- Ќе се извршат околу 200 анкетирања, по потреба и повеќе во случај на епидемија;
- Ќе се врши ДДД во согласност со законските прописи – во профилактички цели и по епидемиолошки индикации – вкупно околу 400 профилактични дезинфекции во педучилишни,училишни и болнички објекти;
- Ќе се извршат епидемилошки извидувања во зависност од појавата и интензитетот на заразните заболувања, теренски увиди 30 и ќе се изготват 30 информации;

Ќе се изготви годишен Ивештај за заразните заболувања во 2027 год. за подрачјето на Центарот, со епидемиолошки коментар, кој ќе се достави до Институтот за јавно здравје. До 31.01.2028 год. Центарот за Јавно здравје - Кочани и неговите организациони единици до Институтот за јавно здравје ке достави Извештаи за реализација на Програмата за превентивна здравствена заштита во 2021 година;

1.2 Откривање и проучување на патиштата на ширење на заразните болести како и заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода, превземање на мерки и активности за нивно сузбивање и спречување

- Следење на бацилоносителство врз основа на законски прописи , при што со лекарски преглед ќе бидат опфатени лицата кои преболеле цревен тифус, паратифус, **бациларна дезинтерија, салмонелоза** и лица сомнителни за бацилоносителство. Во текот на годината ќе бидат опфатени со надзор и лабораториско испитување 150 лица, ќе бидат направени 80 анкети, по потреба и повеќе;
- При појава на ентероколит ќе се врши задолжително лабораториско испитување за идентификација на причинителот, како и епидемиолошки анкети;
- Епидемилошката дејност при ЦЈЗ – Кочани за спречување и сузбивање на **алиментарните токсоинфекции** во соработка со Дирекција за храна, ќе врши епидемилошки увиди во објекти каде се произведува, складира и дистрибуира храна.Ќе се направат околу **30 анкети**. По увидите ќе бидат земени мостри храна за микробиолошка и хемиска анализа,брисеви од работни површини и од вработениот персонал,при што ќе бидат обработени околу **200 материјали**;
- Епидемиолошки надзор – увиди во здравствени организации кои пријавуваат заразни болести – околу 80 увиди годишно;

1.3 Надзор и контрола над зоонозите и вектор преносливи заболувања

- Ќе се следи евентуална појава иќе се врши сузбивање на зоонозите (кју треска, лептоспироза, хеморагична треска, туларемија,беснило, лајшманиоза и др.) во соработка со ИЈЗ, согласно Акциониот План за справување со ВПБ.
- Ќе се извршат **60** прегледи на лица каснати од кучиња,по потреба и повеке.
- Ќе се врши дезинсекција по општини согласно Акциониот План;

1.4 Спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции

Центарот за јавно здравје и Општа болница- Кочани односно Здравствените домови во градовите што ги покрива Центарот ќе изготват оперативни програми и планови за 2027 година и истите ќе ги достават до Институтот за Јавно здравје до 30.01.2028година.

За спречување и сузбивање на интрахоспитални инфекции изготвени се Програма и План за 2021 год.кои ќе бидат испратени до ИЈЗ – Скопје.

За интрахоспитални инфекции ќе се земат **700** материјали годишно,ќе се извршат **60** увиди и ќе се изготват **60** извештаи за најдената состојба како и еден годишен извештај со епидемиолошки коментар.Годишниот извештај до Институтот за Јавно здравје ќе се достави најдоцна до 20.02. за предходната година.

1.5 Организација, контрола и евалуација на вакцинацијата

- Учествуваме во изготвување на годишни планови за спроведување на задолжителна вакцинација и даваме стручно-методолошка помош и вршиме надзор во извршувањетона вакцинацијата. Ќе се направат **50** увиди во пунктовите за вакцинација;
- Ќе се изготват тромесечни и годишни извештаи за опфатот со задолжителни вакцини со коментар. Извештаите ќе се доставуваат до Институтот за Јавно здравје во рок од 15 дена по завршувањето на извештајниот период;
- Ќе вршиме вакцинација по епидемиолошки индикации;/по потреба и вакцинација за ковид/19 ако бидеме вклучени во истата.
- Против грип ќе се вакцинираат 3 500 лица, против абдоминален тифус 100, против хепатит Б -150. Ќе се земат 10 брисеви од грло и нос за серотипизација на грип;
- Контрола на имунолошки статус за болести за кои се врши задолжителна вакцинација ќе се врши во договор со епидемиолозите од ИЈЗ – Скопје;

Кај заболените од заболувања против кои се спроведува задолжителна вакцинација ќе се направат епидемиолошки анкети и увид во вакциналниот статус во картотека за вакцинација.

1.6 Надзор и контрола на грип и заболувања слични на грип

* ЦЈЗ/ПЕ- Кочани ќе вршат континуирано прибирање и обработка на групни пријави за грип во тек на 33 недели. Од 47 ПЗУ во Регионот ќе се приберат **1551** неделни извештаи за грип, ќе се изготват **165** извештаи за пет подрегиони и **33** за Регион Кочани. Вкупно **1. 749** извештаи.
*Ќе се земет 10 материјали од лица со симптоми на грип и истите ќе се достават до ИЈЗ.
* Ќе се набават 5000 вакцини против сезонски грип;
*Ќе се изготвуваат неделни извештаи за спроведена вакцинација против грип и ќе се доставуваат до ИЈЗ.

1.7 Мерки и активности за ерадикација на детска парализа

До колку се појави случај или сомнителен за АФП ќе се превземат мерки и активности. Епидемиологот ќе направи теренско извидување, ќе го провери вакциналниот статус на заболениот и контактите, како и опфатот со вакцина против детска парализа на подрачето каде живее болниот.За најдената состојба веднаш ќе биде известен Институтот за Јавно здравје.Од блиските контакти на АФП – случајот (деца на возраст до 15 години) ќе се зема фецес за вирусолошко испитување и истиот ќе се транспортира до ИЈЗ според однапред пропишани услови.

Ќе бидат изготвени **52** неделни АФП -извештаи и испратени до ИЈЗ.

1.8 Превенција и контрола на хепатитис Б и Ц

- Ќе вршиме епидемилошко испитување,анкетирање за секој пријавен случај на вирусен хепатит Б или Ц,при што ќе бидат опфатениоколу **50** лица;
- Ќе се следи и евидентира и секој случај на HbsAg- носителство.

2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТРОПСКИ, КАРАНТИНСКИ И ПАРАЗИТАРНИ БОЛЕСТИ

Епидемиолошката служба ќе врши надзор , анкети на лица кои се враќаат од земји во кои има карантински и тропски болести пријавени од Министерството за здравство. Ќе се превземаат мерки пропишани со Закон.

- Прегледи на вошливост –200
- Прегледи на шуга-200

3. ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТНА И ЕДУКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ќе изготвиме соодветни предавања за повеќе актуелни заразни заболувања , кои ќе бидат одржани во основните и средни училишта, работни организации, како и преку средствата за јавно информирање.Во текот на годината ќе се изготви леток заХИВ/СИДА и ќе се дистрибуира по училиштата и градот, а по потреба и за други заразни заболувања.

4. ОБРАБОТКА НА ПРИЈАВИ ЗА ЗА МАСОВНИ НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Ќе бидат обработени околу 3000 пријави за масовни незаразни заболувања

5. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ КОЧАНИ ОД ХИВ-СИДА

Во текот на 2027 год. Епидемиолошката дејност при ЦЈЗ од Кочани ќе ги спроведе следните активности за спречување и сузбивање на ХИВ-СИДА:

- Подготовка за годишен работен план за превентивни активностиза ХИВ-СИДА;
- Епидемиолошко следење и надзор на контакти за навремено откривање на лица инфицирани од ХИВ и заболени од СИДА;
- Вршење на доброволно и доверливо советување и тестирање (ДДСТ) со цел да се утврди инфекција со ХИВ вирусот;
- Испитување на носителство на ХИВ вирусот на пациенти по клиничка или друга епидемиолошка или медицинска индикација;
- Спроведувања на стручни предавања во училиштата за превенција од ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции помеѓу младата популација;

➢ Спроведување на врсничко едукативни работилници за превенција од ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции меѓу младите во и вон образовниот систем и млади во социјални институции;
➢ Организирање на информативна и едукативна кампања за превенција од ХИВ/СИДА преку електронски и печатени медиуми (брошури,летоци,аудио и видео пораки)
➢ Ќе се одржат **10** предавања во основни и средни училишта во Кочани и подрачните единици;
➢ Ќе се дадат**10**интервјуа преку локалните радио и ТВ станици;
➢ Во текот на 2027 год. Ќе се изготви леток
➢ Ќе се направи анкета меѓу одредена популација во средните училишта под наслов " Што знаеш за ХИВ / СИДА "
➢ Ќе се изготват 20 тромесечни извештаи и 5 годишни извештаи;
➢ Изработка на Програма за спречување и сузбивање на ХИВ/СИДА 5;
Во Центарот за Јавно здравје- Кочани ќе бидат направени околу **150 тестови за ХИВ/СИДА.**

6. ПОЈАВА, РАШИРЕНОСТ,СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗА КАЈ ЛУЃЕТО

Сите овие активности се во склад со Програмата за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелоза кај лугето во Р.Македонија за 2027 год. а ќе се спроведуваат со цел спречување и сузбивање на бруцелозата на територијата што ја покрива Центарот.

- Планско спроведување на мерките и активностите за спречување на ширење на бруцелозата и зузбивање на болеста ако се појави
- Епидемиолошки набљудувања и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата
- Рано и активно откривање и соодветно лекување на заболените
- Лабораториско дијагностицирање
- Информирање и здравствено воспитување.

6.1. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД БРУЦЕЛОЗА

За остварување на целите утврдени со оваа Програма ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

➢ Изготвување на оперативни планови за спречување и сузбивање на бруцелозата на нашата територија -5;
➢ Изготвување на тромесечни извештаи за извршени активности -20 извештаи;
➢ Изготвување на годишен извештаи за извршени активности -5;
➢ Изготвување на годишна програма -5;

- Под епидемиолошки надзор ќе се стават Кочани и околните населени места;
- Нашиот интерес ќе биде насочен кон професионално експонирани лица: сточари, вработени во ветеринарни станици, вработени во кланици, во кожарската индустрија и лица кои консумирале млеко и млечни производи сомнителни за бруцелоза кои ке бидат клинички и лабораториски прегледани.Ќе се земат околу **60 примероци за БАБ тест**, а во колку има сомнителни или позитивни ќе се направат **40 Бруцелла цапт-тестови;**
- Ќе се направат 30 теренски увиди и анкети, зависно спрема потребите и состојбата;

Ако со прегледите се открие болен од бруцелоза ќе се превземат мерки согласно Законот за спречување и сузбивање на заразни болести.Ќе се врши здравствено просветување со интервјуа преку локалните радио иТВ станици во Кочани и подрачните единици,предавања во селските населби -**15** предавања, како и поединечни разговори и советувања -50 со поединци и/или во групи.

ЈЗУ-ЦЈЗ-Кочани
вд.директор
Др.спец.Мартин Павлов

Виница
28.09.2026г.

др.спец. Николов Горан
епидемиолог

ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ Кочани 1

ЈЗУ-ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
Бр. 05-334/1
16.10.26
КОЧАНИ

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено:	26 10 2026		
Орг.Един:	Број:	Прилог:	Вредност:
09	1163/2		

ЈЗУ.ЦЈЗ- Кочани
Епидемиологија

До
Општина Кочани
Општина Виница
Општина Делчево
Општина Берово
Општина Пехчево
Општина Чешиново Облешево
Општина М.Каменица

Е Л А Б О Р А Т

Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинсекција во 2027год.

Потребата од извршување на континуирана дезинсекција се заснова поради постоење на заболувања кои се пренесуваат преку вектори.Пренесувањето на инфективните заболувања зависи од повеќе фактори, вклучувајќи и климатски и еколошки елементи. Веќе е широко прифатено дека климатските промени ке влијаат на ширењето на инфективните болести во Европа,што во поголемиот број на случаи ке предизвика и соочувања со нови ризици по јавното здравје.Векторите кои пренесуваат болести (пр.комарци,песочни муви и крлежи) се високо осетливи на климатските услови, вклучувајќи температура и влажност, и ќе настојуваат да ја променат својата географска дистрибуција, потенцијално распространувајќи се во региони во кои што предходно не се појавиле. Меѓу болестите што се пренесуваат преку вектори и се чувствителни на климатските промени има такви, кои веќе се присутни во РМакедонија (како лајмската болест, треската од западен Нил).Следниве болести што се

пренесуваат преку вектори се индетификуваат како можна закана од примарна важност за Р.Македонија во однос на климатските промени:

Конго-кримска хеморагична треска- Ширењето на болеста им се препишува на благите зими како и прекинувањето на земјоделските активности, при што двете причини доведоа до зголемување на популацијата на крлежи. Затоа и во РМакедонија треба да се очекуваат инфекции. Се смета дека во РМакедонија веќе се присутни одредени силни вектори (Х.магинатум руфипес).Ова заболување во Р.Македонија се регистрира во седумдесетите години на минатиот век во епидемиска форма, со 13 заболени лицаи неколку смртни исходи во с.Чифлик,Тетово.

Треска од западен Нил (ЊНФ)- вирусот западен Нил е арбовирус од родот Флавивирус во фамилијата Флавивиридае.Вирусот западен Нил примарно се пренесува преку комарци.Особено важен вектор се комарците од родот Кулекс.

Птиците се примарен (главен резервоар) домаќин на вирусот западен Нил кај рбетниците (вертебрати).Човекот се инфицира преку каснување од комарец,но има и пример на случаи кај кои инфекцијата настанала после контакт со инфицирани птици или ткива од инфицирани алигатори.

Регистрирана е епидемија меѓу работници на фарма на мисирки која настанала како резултат на фекооралната трансмисија,експозиција на оштетена кожа или мукозни мембрани на вирусот или експозиција на аеросоли на вирусот.

Човекот не ги расејува вирусите западен Нил во секретите или екстретите,но вирусот може да се пренесе преку трансфузија на крв и кај лицата со извршена трансплантација на органи. Пренесувањето од човек на човек не е можно по случаен контакт, меѓутоа вирусот западен Нил може да се пренесе преку трансфузија и трансплатација на органи од лица без клинички знаци.Повремено се регистрираат и ретки случаи на трансплацентарна трансмисија и веројатна трансмисија преку цицање млеко.

Епидемиологија- веројатноста за развивање на

невроинвазивна болест е поголема кај лица со старосна возраст над 50 години и кај пациенти со намален имунитет. Пациентите заболени од енцефалитис генерално се постари од оние пациенти кај кои се развива менингит или флакцидна парализа. Пациентите

со пресадени органи преставуваат ранлива група за развивање на невроинвазивна болест: еднаш инфицирани,шансите за развој на оваа болест кај нив изнесува 40 %. Примарните болести како диабетес и автоимуни болести се асоцирани со неколку клинички форми од оваа болест.

Клиничка слика- инкубацијата изнесува 2-14 дена. Болеста најчесто поминува без симптоми (асимптомна / инапарентна). Кај човекот, манифестните форми на болеста се јавуваат во две клинички форми: западен Нил која што е релативно лесна и личи на грип и невроинвазивна којашто ги опфаќи сите случаи со невролошки знаци. Треската западен Нил е најчеста форма на болеста, која се карактеризира со температура,изнемоштеност,слабост,главоболки и болки по целото тело.Можат да се јават и анорексија, лимфаденопатија, гадење, дијареа, повраќање, гушоболки и коњуктивитис.Повремено на вратот ,трупот ,рацете или нозете,може да се појави еритематозен, непруричен, макулозен, папулозен или мобилиформен исип на кожата. Најголем број на некомплицирани инфекции завршува со излекување во тек на 2-6 дена, додека кај потешките случаи е можна пролонгирана исцрпност која трае повеќе од еден месец.

Чикунгунија-се шири преку каснување од комарци од видот Аедес,пред се од страна на ,,тигрестиот комарец,,кој е ендемичен во Ралбанија.Постои мислење дека РМакедонија е под ризик од населување на тигрестиот комарец и од појавата на болеста чикунгунија иако до сега нама пријавени случаи на ова заболување воРМакедонија.Согласно спроведеното изтражување за присуство на ,,тигрестиот комарец,, во РМакедонија во 2010 година не е утврдено присуство на истиот.

Лајмска борелиоза (Лзме Боррелиосис),енцефалит што се пренесува преку крлежи најпревалентна болест што се пренесува преку крлежи во Европа и е ендемична во

Р.Македонија.Благите зими можат да го зголемат изобилството на крлежи и да го
зголемат ризикот од инфекции.Енцефалитот што се пренесува преку крлежи,за разлика од лајмската болаес,е вирусно заболување што може да се превенира со вакцина и се смета за ендемско во балканскиот регион.Како и ЛБ,ТБЕ го пренесува Иџодес рицинус крлежите,кои се присутни во сите региони на Европа.Поединечни случаи на ова заболување,со соодветна клиничка манифестација и типични знаци се лекувани на Инфективната клиника,и се пријавиваат како поединечни случаи во релативно мал број.

Маларија-и покрај неколкуте симулации,кои предвидоа потенцијално зголемување на маларијата во Европа,постои концензус,дека ризикот е многу низок,со оглед на сегашните социоекономскиуслови.Република Македонија е сертфицирана земја без маларијаод 1973 година,од страна на СЗО.Во периодот од 1974-2010 год.сите регистрирани случаи на маларија се импортирани од државата,најчесто од африканските земји,при што годишно се пријавуваат од 1-2 случи. ***Денга***-во моментов,ризикот од локално пренесување на болеста денга во Европа е низок.Повторната појава на болеста зависи од евентуалното повторно внесување во Европа на главниот вектор-комарецот Аедес аегѕпти.Сепак,Аедес албопицтус,кој веќе не ендемичен во Албанија и Италија и други европски земји,исто така ,е способен да пренесува денга и фи предизвика првите случи на денга треска во Франција,во септември,2010 година.Досега нема пријавени случаи на денга-треска во РМакедонија. ***Рикеција конори***-(Рицкеттсиа цонории)-во една студија од 2003 година, овој патоген организам, кој го предизвикува медитеранскиот цереброспинален менингит (МСФ) беше најден кај видови крлежи,кои не се од фамилијата Иксодес во Албанија и Турција. Резултатите од оваа студија покажуваат дека рикеција конори (Р.Цонории) би можел да биде ендемичен во регионот на Балканот.

Состојба со комарци во Р.Македонија:

Врз основа на **Извештај од анализите за присуство на тигрест комарец (Аедес албопицтус) во Р.Македонија** кој датира од **декември 2010год**.(понови податоци немаме), направен од

страна на Институт за биологија при ПМФ, Фармацевтски Факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје со финансиска подршка на Светска здравствена организација, **видот Аедес албопицтус не е утврден во Р.Македонија**.Иако не е утврдено неговото присуство потребен е мониторинг со цел негово навремено откривање.

Присуство на вирусот на Западен Нил(ЗНВ) кај луѓето во Р.Македонија:

Во Р.Македонија во септември 2012год. регистрирани се 6 случаи
на инфекции со вирусот на Западен Нил (ЗНВ), од кои три завршиле со смртен исход (висок леталитет 50%).Четири од овие лица биле со тешка неуроинвазивна форма на болеста (енцепхалитис,менингитис).Сите заболени се лабораториски потврдени во Вирусолошката лабораторијана ИЈЗ-Скопје.Тројца од заболените се од Скопје,по еден од Крушево,Битола И Куманово.

Во Р.Македонија во 2026г. регистрирани се 65 потврдени случаи на Западно нилска треска и 9 починатаи ,прогласена е епидемија во Скопскиот регион.

Секако дека превентивното прскање против комарци ке биде ефикасна заштита и против ЗИКА вирусот кој истотака е векторпреносliва болес и ја пренесуваат комарците

ИНТЕР-СЕКТОРСКА РАБОТНА ГРУПА

За да биде состојбата под контрола, потребна е соработка и координирани активности меѓу следните институции во нашиот регион:

- **ЈЗУ-ЦЈЗ-Кочани**
- **Општа болница- Кочани;**
- **Локална самоуправа(осум општини во нашиот регион);**
- **ЦУК**
- **Ветеринарни служби;**
- **Невладини организации**
- **Влада на Р.Македонија**

ТЕРЕНСКИ И ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

1. Од страна на ЈЗУ ЦЈЗ- Кочани писмено се известени сите општини од нашиот регион да извршат мапирање на сите стоечки води и бари до крајот на март, согласно Акциониот план;
2. Заради поголема ефекасност и поуспешна дезинсекција се препорачува извршување на комбинирана ларвицидна и адултицидна дезинсекција. Ларвицидната дезинсекција подразбира уништување на комарците кога се во фаза на ларви, во рана пролет, а адултицидната е уништување на возрасните комарци и се изведува од мај до август, по потреба и во септември. Адултицидната може да се прави теристички (од земја) или/и авионски. Најуспешно е комбинирано третитање. Препорачано авионско или со дронови.
3. Препорака за дезинсекционо средство Аква кортрин на БАЕР –генерика делтаметрин ск 25 еколошки и одобрен од Биро за лекови;
4. ЦЈЗ-Кочани изготви и има во доволни количини едукативен материал/флаери за населението и здравствените работници.

Виница

28.09.2026г

др.спец Николов Горан

епидемиолог

ЈЗУ-ЦЈЗ-Кочани
Вд. директор
др.спец Мартин Павлов